| | |
|---|---|
| ПРЕДЛАГАЧ: | Владата на Република Северна Македонија |
| ПРЕТСТАВНИЦИ: | м-р Гордана Димитриеска - Кочоска, министер за финансии и<br><br>проф. д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии |
| ПОВЕРЕНИЦИ: | д-р Андриана Матлиоска, државен секретар во Министерство за финансии,<br><br>Сузана Пенева, државен советник во Министерство за финансии<br>и<br><br>м-р Ленче Божиноска, раководител на сектор во Министерство за финансии |

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка по Договорот за заем за Програмската рамка за подобрување на јавните расходи, отчетноста и даночната администрација во Северна Македонија, по скратена постапка

Скопје, јули 2026 година

ВОВЕД:

I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ:

Согласно Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка по Договорот за заем за финансирање на Проектот за градење на ефективни, транспарентни и отчетни институции за управување со јавните финансии („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 246/2022), на 25.01.2023 година се склучи Договор за заем за финансирање на Проектот за градење на ефективни, транспарентни и отчетни институции за управување со јавните финансии, помеѓу Република Северна Македонија претставувана од министерот за финансии и Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка.

Со склучување на Договорот за заем обезбеден е заем во износ од 20.000.000 евра. Досега од заемот од Светска банка повлечени се 800.000 евра, а преостанатите средства во износ од 19.200.000 евра планирано е да се откажат со склучување на Амандман на договорот за заем, по усвојување на Законот за изменување на Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка по Договорот за заем за финансирање на Проектот за градење на ефективни, транспарентни и отчетни институции за управување со јавните финансии од страна на Собранието и негово објавување во Службен весник на Република Северна Македонија.

Согласно задолжение од Владата на Република Северна Македонија, Министерството за финансии продолжи со активностите околу градење на ефективни и отчетни институции за управување со јавните финансии, во соработка со Светска банка преку испитување на нов инструмент за имплементација.

Во оваа насока, Министерството за финансии ја разгледа можноста за користење на нов инструмент за имплементација на Проектот за градење ефективни, транспарентни и отчетни институции за управување со јавните финансии во соработка со Светска банка. Инструментот за финансирање “Програма за резултати” (Program-for-Results) ги поврзува исплатите директно со постигнување на конкретни резултати, односно средствата од страна на Светска банка ќе бидат исплатени по постигнувањето на однапред договорени резултати (Disbursement-Linked Indicators – DLIs).

Владата на Република Северна Македонија го задолжи Министерството за финансии да ја извести Светска банка за потребата од обезбедување на заем во износ од 25.000.000 евра односно 23.000.000 евра преку новиот инструмент Програма за резултати - Program-for-Results (PforR) и 2.000.000 евра преку инструментот Финансирање на инвестициски проекти - Investment Project Financing (IPF) за Проектот „Подобрување на јавните расходи, одговорноста и даночната администрација.“

Во соработка со Светска банка дефинирана е новата финансиска и имплементациона структура на Проектот за градење ефективни, транспарентни и отчетни институции за управување со јавните финансии (ИФМИС) кој се преименува

во Програмска рамка за подобрување на јавните расходи, отчетноста и даночната администрација во Северна Македонија. Програмската рамка има за цел да го зајакне капацитетот на Северна Македонија за управување со јавните финансии и да овозможи поефикасно, транспарентно и поодговорно управување со истите.

Финансиската структура на Програмската рамка е следна:

- заем во износ од 25 милиони евра обезбеден од два инструменти од Светска банка: 23 милиони евра од инструментот "Програма за резултати" (Program-for-Results) и
- 2 милиони евра од инструментот "Финансирање на инвестициски проекти" (Investment Project Financing - IPF).

Програмската рамка ќе се имплементира од страна на следните институции: Министерството за финансии, Управата за јавни приходи (УЈП) и Министерството за дигитална трансформација (МДТ).

Постојната Единица за имплементација на проектот ИФМИС ќе продолжи да работи како Единица за координација на проектот.

Единицата за координација со проектот ќе има хоризонтална улога во обезбедување навремена размена на информации меѓу Министерството за финансии, Управата за јавни приходи, Министерството за дигитална трансформација, Техничката координативна група, Управниот комитет и Државниот завод за ревизија како агент за верификација.

Покрај работното тело во Министерството за финансии за активностите од резултатската област 1, во рамки на Програмската рамка ќе функционираат и соодветни работни тела, односно работни структури во Управата за јавни приходи и во Министерството за дигитална трансформација. Управата за јавни приходи, преку својата воспоставена реформска/работна структура, ќе ги координира активностите од резултатската област 3 поврзани со модернизација на даночната администрација, електронско фактурирање, дигитални услуги и управување со ризици од неусогласеност, додека Министерството за дигитална трансформација ќе ја преземе техничката координација за резултатската област 2 поврзана со САМИС и управувањето со државната помош. Секое работно тело ќе биде составено од стручни претставници на надлежната институција и релевантните организациски единици, ќе има одговорно лице/раководител и ќе обезбедува дневно планирање, техничка координација, следење на напредокот, подготовка и техничко одобрување на доказите за исполнување на релевантните индикатори и резултати пред нивната верификација од Државниот завод за ревизија и прифаќање од Министерството за финансии. На овој начин, имплементациската структура нема да биде концентрирана само во Министерството за финансии, туку ќе функционира како координиран меѓуинституционален систем во сите три институции кои ги спроведуваат резултатските области на Програмската рамка.

Не подоцна од шеесет дена по Датумот на стапување во сила на Договорот за заем, Заемопримачот, преку Министерството за финансии, ќе воспостави, а потоа ќе управува и одржува, Техничка координативна група (ТКГ), со функции, одговорности и доволни ресурси кои ги покриваат сите три резултатски области на Програмската рамка. ТКГ ќе биде одговорна, меѓу другото, за надгледување на техничките аспекти на програмската рамка, обезбедување технички надзор,

следење на напредокот во спроведувањето, како и известување до Управниот комитет (УК).

Не подоцна од деведесет дена по Датумот на стапување во сила на Договорот за заем, Заемопримачот, преку Министерството за финансии, ќе воспостави, а потоа ќе управува и одржува за време на спроведувањето на Програмската рамка Управен комитет кој ќе вклучува претставници од Министерството за финансии, Управата за јавни приходи (УЈП), Министерството за дигитална трансформација (МДТ).

Во соработка со Светската банка дефинирани се индикаторите поврзани со исплатата/повлекувањето на земските средства обезбедени од инструментот Програмата за резултати - Program-for-Results (PforR). Индикаторите претставуваат конкретни резултати, односно таргети кои мора да се постигнат за да може да се повлекуваат заемските средства во износ од 23.000.000 евра. За секој индикатор има дефинирано конкретни резултати кои треба да бидат исполнети, и за секој резултат има дефинирано износ на средства кој може да се повлече по исполнување на истиот.

Државниот завод за ревизија ќе биде Агент за верификација, кој ќе го потврдува исполнувањето на еден или повеќе резултати од кои зависи повлекувањето на средствата од заемот. Истовремено, ДЗР ќе спроведува и ревизија на Програмската рамка за подобрување на јавните расходи, отчетноста и даночната администрација во Северна Македонија.

Средствата од инструментот „Финансирање на инвестициски проекти“ се наменети за финансирање на техничка помош, управување со промени, градење на капацитетите и управување со проектот.

Програмската рамка ќе ја подобри транспарентноста и ефикасноста на јавните расходи и ефективноста на даночната администрација. Исто така, Програмската рамка ги поддржува тековните реформи на Владата во областа на управувањето со јавните финансии, односно ќе придонесе за модернизација на системите за буџетирање, сметководство, надзор на државната помош и администрирање на даноци во согласност со новиот Закон за буџет и Програмата за управувањето со јавните финансии 2025 – 2028 и Програмата за реформа на Управата за јавни приходи 2025 - 2028.

На 23.06.2026 година Светска банка достави покана за преговори, заедно со целокупната документација која е предмет на преговори со цел обезбедување на овој заем. Преговорите со банката се одржаа на 01.07.2026 и 02.07.2026 година. Усогласениот текст на Договорот за заем е даден во прилог на овој Предлог закон.

Предуслов за склучување на горенаведениот Договор за заем со Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка е усвојување на Законот за задолжување од страна на Собранието на Република Северна Македонија и негово објавување во Службен весник на Република Северна Македонија.

Согласно Законот за јавен долг („Службен весник на Република Македонија“ 165/14-пречистен текст и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19, бр.151/21 и бр.12/25), во име на Република Северна Македонија, Договор за заем склучува Владата на Република Северна Македонија, кој министерот за финансии го потпишува во името на Владата на Република Северна Македонија, по претходно донесен Закон за задолжување.

Имајќи го предвид наведеното, Владата на Република Северна Македонија изготви Предлог на Закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка по Договорот за заем за Програмската рамка за подобрување на јавните расходи, отчетноста и даночната администрација во Северна Македонија, по скратена постапка, кој го доставува до Собранието на Република Северна Македонија за усвојување.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН:

Целта на проектот е спроведување на реформи во областа на управувањето со јавните финансии, со цел модернизација на системите за буџетирање, сметководство, надзор на државната помош и администрирање на даноци во согласност со новиот Закон за буџет и Програмата за управувањето со јавните финансии 2025 – 2028 и Реформска програма на Управата за јавни приходи 2025 – 2028 година – „Транзиција во дигиталниот свет“.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА:

Вкупниот износ на заемот кој ќе го додели Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка изнесува 25 милиони евра.

Заемот ќе биде доделен на Република Северна Македонија под следните услови:

- Рокот на отплата на заемот е 12 години, со вклучен грејс период од 3 години;
- Каматната стапка е шестмесечен ЕУРИБОР со варијабилен распон;
- Заемот ќе се отплаќа во 18 полугодишни рати кои пристигнуваат за плаќање на 15 јануари и 15 јули секоја година;
- Согласно прописите на Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка, Република Северна Македонија како заемопримач има обврска да ѝ плати на Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка еднократна провизија од 0,25% од износот на заемот (Front-end-fee). Оваа провизија ќе биде платена еднократно од средствата на заемот;
- Република Северна Македонија ќе ѝ плаќа на Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка провизија во висина од 0,25% од неповлечениот дел од заемот на годишно ниво Провизијата ќе се пресметува од датумот на Договорот за заем или од датумот што паѓа на четвртата годишнина од датумот на одобрување на заемот од страна на Банката, зависно од тоа кој датум е подоцна, до соодветните датуми на кои средствата се повлекуваат од страна на Заемопримачот од сметката за заем или се откажуваат.

IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ:

Финансиските средства потребни за спроведување на овој закон се образложени во Дел 3 на овој Предлог закон и во Образецот за проценка на фискалните импликации даден во прилог на овој материјал.

V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со оглед на тоа што се исполнети случаите утврдени во член 175 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, односно не е во прашање донесување на сложен и обемен закон, се предлага Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка по Договорот за заем за Програмската рамка за подобрување на јавните расходи, отчетноста и даночната администрација во Северна Македонија, да се донесе по скратена постапка.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка по Договорот за заем за Програмската рамка за подобрување на јавните расходи, отчетноста и даночната администрација во Северна Македонија

Член 1

Република Северна Македонија се задолжува кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка со заем во износ од 25.000.000 евра, наменет за спроведување на реформи опфатени со Програмската рамка за подобрување на јавните расходи, отчетноста и даночната администрација во Северна Македонија.

Член 2

Условите и начинот на користење на заемот од членот 1 од овој закон се утврдуваат со Договор за заем за Програмската рамка за подобрување на јавните расходи, отчетноста и даночната администрација во Северна Македонија, кој ќе се склучи помеѓу Република Северна Македонија и Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка.

Во име на Република Северна Македонија, Договорот за заем од ставот 1 на овој член ќе го потпише министерот за финансии.

Член 3

Рокот за отплата на заемот од членот 1 од овој закон е 12 години, со вклучен грејс период од три години.

Каматната стапка е шестмесечен ЕУРИБОР со варијабилен распон.

По потпишувањето на Договорот за заем од членот 2 став 1 од овој закон, Република Северна Македонија ќе ѝ плати на Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка еднократна провизија во износ од 0,25 % од износот на заемот.

Република Северна Македонија ќе ѝ плаќа на Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка провизија во висина од 0,25% од неповлечениот дел од заемот на годишно ниво. Оваа провизија ќе се пресметува од датумот на потпишување на Договорот за заем или од датумот на четвртата годишнина од датумот на одобрување на заемот од страна на Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка, зависно од тоа кој датум е подоцна, до датумот на кој средствата се повлекуваат од сметката за заем или се откажуваат.

Заемот од членот 1 од овој закон ќе се отплаќа на 18 полугодишни рати, од кои 17 полугодишни рати секоја во износ од 5,56% од износот на заемот, додека последната, 18 рата, во износ од 5,48% од износот на заемот. Заемот од членот 1 од овој закон ќе се отплаќа на 15 јануари и на 15 јули секоја година.

Член 4

Дел од средствата од заемот од членот 1 од овој закон во износ од 23.000.000 евра ќе бидат обезбедени преку инструментот на Светска банка „Програма за резултати“ и истите ќе бидат префрлени во Буџетот на Република Северна Македонија врз

основа претходно исполнети индикатори од страна на Министерството за финансии, Министерството за финансии - Управата за јавни приходи и Министерството за дигитална трансформација.

Останатиот дел од заемот од членот 1 од овој закон во износ од 2.000.000 евра ќе бидат обезбедени од инструментот на Светска банка „Финансирање на инвестициски проекти“ и истите ќе бидат наменети за финансирање на техничката поддршка за спроведување на Програмската рамка за подобрување на јавните расходи, отчетноста и даночната администрација во Северна Македонија.

Член 5

Реформите опфатени со Програмската рамка за подобрување на јавните расходи, отчетноста и даночната администрација во Северна Македонија ќе ги спроведуваат Министерството за финансии, Министерството за финансии - Управата за јавни приходи и Министерството за дигитална трансформација.

Државниот завод за ревизија на Република Северна Македонија ќе биде Агент за верификација на исполнетоста на индикаторите за реализација на инструментот на Светска банка „Програма за резултати“, а ќе спроведува и ревизија на Програмската рамка за подобрување на јавните расходи, отчетноста и даночната администрација во Северна Македонија.

Член 6

Република Северна Македонија заемот од членот 1 од овој закон ќе го отплаќа од Буџетот на Република Северна Македонија.

Член 7

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СО ЗАЕМ КАЈ МЕЃУНАРОДНАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ – СВЕТСКА БАНКА ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ЗА ПРОГРАМСКАТА РАМКА ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ЈАВНИТЕ РАСХОДИ, ОТЧЕТНОСТА И ДАНОЧНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

I.ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН:

Целта на овој заем е спроведување на реформи во областа на управувањето со јавните финансии, со цел модернизација на системите за буџетирање, сметководство, надзор на државната помош и администрирање на даноци во согласност со новиот Закон за буџет и Програмата за управувањето со јавните финансии 2025 – 2028 и Реформска програма на Управата за јавни приходи 2025 – 2028 година - „Транзиција во дигиталниот свет“.

Заемот ќе биде доделен на Република Северна Македонија под следните услови:

- Рокот на отплата на заемот е 12 години, со вклучен грејс период од 3 години;
- Каматната стапка е шестмесечен ЕУРИБОР со варијабилен распон;
- Заемот ќе се отплаќа во 18 полугодишни рати кои пристигнуваат за плаќање на 15 јануари и 15 јули секоја година;
- Согласно прописите на Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка, Република Северна Македонија како заемопримач има обврска да ѝ плати на Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка еднократна провизија од 0,25% од износот на заемот (Front-end-fee). Оваа провизија ќе биде платена еднократно од средствата на заемот;
- Република Северна Македонија ќе ѝ плаќа на Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка провизија во висина од 0,25% од неповлечениот дел од заемот на годишно ниво. Провизијата ќе се пресметува од датумот на Договорот за заем или од датумот што паѓа на четвртата годишнина од датумот на одобрување на заемот од страна на Банката, зависно од тоа кој датум е подоцна, до соодветните датуми на кои средствата се повлекуваат од страна на Заемопримачот од сметката за заем или се откажуваат.

Согласно Законот за јавен долг („Службен весник на Република Македонија“ 165/14-пречистен текст и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19, бр.151/21 и бр.12/25), во име на Република Северна Македонија, Договор за заем склучува Владата на Република Северна Македонија, кој министерот за финансии го потпишува во името на Владата на Република Северна Македонија, по претходно донесен Закон за задолжување.

Имајќи го предвид наведеното, Владата на Република Северна Македонија изготви Предлог на Закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка по Договорот за заем за Програмската рамка за подобрување на јавните расходи, отчетноста и даночната администрација во Северна Македонија, по скратена постапка, кој го доставува до Собранието на Република Северна Македонија за усвојување.

Поради итноста на потребата за склучување на Договорот за заем, овој закон треба да влезе во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

По усвојување на Законот за задолжување од страна на Собранието на Република Северна Македонија и неговото објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија“, предвидено е склучување на Договор за заем, помеѓу Република Северна Македонија претставувана од Министерството за финансии и Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ:

Предложените одредби претставуваат генерален опис на финансиските услови под кои ќе биде склучен Договорот за заем.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА:

Основната цел на проектот е спроведување на реформи во областа на управувањето со јавните финансии, со цел модернизација на системите за буџетирање, сметководство, надзор на државната помош и администрирање на даноци во согласност со новиот Закон за буџет и Програмата за управувањето со јавните финансии 2025 – 2028 и Реформска програма на Управата за јавни приходи 2025 – 2028 година - „Транзиција во дигиталниот свет“.

**Влада на Република Северна Македонија**

## ОБРАЗЕЦ ЗА ПРОЦЕНКА НА ФИСКАЛНИТЕ ИМПЛИКАЦИИ НА ПРЕДЛОГ ПРОПИСИТЕ И ОПШТИТЕ АКТИ ДОСТАВЕНИ ДО ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА НИВНО УСВОЈУВАЊЕ

| 1. **Назив на предлогот:** | 2. **Министерство / орган на државна управа :** |
|---|---|
| Предлог на Закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка по Договорот за заем за Програмската рамка за подобрување на јавните расходи, отчетноста и даночната администрација во Северна Македонија, по скратена постапка, по скратена постапка | Министерство за финансии |
| 3. **Цел на предлогот:** | 4. **Вид на предлог:** |
| Обезбедување на финансиски средства за Програмската рамка за подобрување на јавните расходи, отчетноста и даночната администрација во Северна Македонија | Предлог на Закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка по Договорот за заем за Програмската рамка за подобрување на јавните расходи, отчетноста и даночната администрација во Северна Македонија, по скратена постапка |
| 5. **Контакт лице и звање:** | 6. **Контакт тел./факс или е-пошта:** |
| Сузана Пенева, државен советник<br><br>м-р Ленче Божиноска, раководител на сектор | Тел. 3255 373<br>suzana.stoimceva@finance.gov.mk<br><br>Тел. 3255 420<br>lence.bozinoska@finance.gov.mk |

**7. Активност:**

**8. Вид на барање:**

| | | |
|---|---|---|
| ( ) Регулатива во врска со ЕУ | ( ) Нова програма | ( ) Прераспределба (на средства) помеѓу две програми |
| ( ) Друга нова регулатива | ( ) Зголемување / намалување на постоечка програма | ( ) Спојување на две или повеќе програми |

**9. Цел на барањето / предложената активност:**

По усвојување на Предлог на Закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка по Договорот за заем за Програмската рамка за подобрување на јавните расходи, отчетноста и даночната администрација во Северна Македонија, ќе се пристапи кон потпишување на Договорот за заем за овој проект.

**10. Врска со владината програма:**

| 11. Фискални импликации: | (илјади денари) | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Тековна год. | Втора год. | Трета год. | Четврта год. |
| А.Вкупни трошоци за предлогот<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 8.079 | 13.305 | 21.905 | 30.506 |
| B.Одобрени средства за предлогот<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | | | | |
| C.Промена (разлика) од одобрените средства (B-A)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | | | | |
| D.Расположливи средства од прелевање (од други активности или програми во органот)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | | | | |
| E.Нето импликации на средствата на органот (C-D)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | | | | |
| F.Зголемување / намалување на приходите | | | | |
| G.Дополнителни извори на финансирање или споделување на трошоците<br><br>Извор: Заем од Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка | 30.750 | 307.500 | 307.500 | 307.500 |
| 12. Нето зголемување /намалување на бројот на вработени во врска со предлогот: | | | | |
| 13. Какви гаранции, заеми или други вистински или можни обврски ќе произлезат за Владата (а кои не се наведени во точка 11 A до 11 G) | Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка ќе одобри заем во износ од 25 милиони ЕВРА кој ќе се сервисира согласно условите кои се дефинирани со Договорот за заем. | | | |
| 14. Ако ова претставува барање за дополнителни средства во тековната фискална година или надвор од нормалниот циклус на подготвување на буџетот, да се даде образложение | | | | |
| 15. Дата на завршување на проценката | | | | |

| | |
|---|---|
| 16. Дата на поднесување на анализата до Министерството за финансии за добивање мислење | |
| 17. Дата на добивање на одговор од Министерството за финансии | |
| 18. Измени побарани од Министерството за финансии | |
| 19. Одговор на министерството-предлагач: | |
| 20. Одговор од Министерството за финансии: | |
| 21. Дали мислењето на Министерството за финансии е дадено во прилог | |

| 22. Одобрено / Дата: | | | |
|---|---|---|---|
| ______________ Државен секретар д-р Андриана Матлиоска | ___/___/___ Ден / месец / год. | ______________ Министер за финансии м-р Гордана Димитриеска – Кочоска | ___/___/___ Ден/ месец/год. |

Изготвил: Ивана Стојкоска
Контролирал: Драгана Филиповска/Миодраг Богдановиќ
Одобрил: Кристина Павловска/м-р Ленче Божиноска
м-р Рената Давиткова – Панчева/м-р Сања Манасијевиќ - Манчева
Сузана Пенева

Проверил: Марија Бишкоска Јаковиќ
Душица Илиевска
Андреј Ангеловски
Јасмина Вукиќевиќ